# ИСТРАЖУВАЊЕ ЗА ПРИСТАПОТ И ФУНКЦИОНАЛНОСТА НА СИСТЕМОТ ЗА ЗАШТИТА НА ЖЕНИТЕ РОМКИ, ЖРТВИ НА РОДОВО БАЗИРАНО НАСИЛСТВО И СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО НА ТЕРИТОРИЈАТА НА СКОПЈЕ



**Здружение Иницијатива за правата на жените од Шуто Оризари**

# ИСТРАЖУВАЊЕ ЗА ПРИСТАПОТ И ФУНКЦИОНАЛНОСТА НА СИСТЕМОТ ЗА ЗАШТИТА НА ЖЕНИТЕ РОМКИ, ЖРТВИ НА РОДОВО БАЗИРАНО НАСИЛСТВО И СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО НА ТЕРИТОРИЈАТА НА СКОПЈЕ

Здружение Иницијатива за правата на жените од Шуто Оризари

Издавач: Здружение Иницијатива за правата на жените од Шуто Оризари

Автори: Тона Карева,
Салија Бекир Халим,
Алмира Фасљии Муарем,
Сенада Јашар,
Азиза Сали

Графичко уредување: Дамјан Бајовски
Печати: 3PIX MEDIA
Тираж: 50

Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на Здружението Иницијатива за правата на жените од Шуто Оризари и на ниту еден начин не може да се смета дека ги изразува гледиштата и ставовите на Европскиот центар за правата на Ромите.
Објавувањето на оваа публикација е во рамките на проектот „Истражување за пристапот и функционалноста на системот за заштита на жените Ромки, жртви на родово базирано насилство и семејно насилство на територијата на Скопје“, поддржан од Европскиот центар за правата на Ромите.

errc
european roma rights centre

ЗДРУЖЕНИЕ ИНИЦИЈАТИВА
ЗА ПРАВАТА НА ЖЕНИТЕ
ОД ШУТО ОРИЗАРИ

# СОДРЖИНА

1. Вовед
2. Методологија
3. Преглед и анализа на правната и институционалната рамка во контекст на системот за заштита на жените од родово базирано и семејно насилство
3.1 Преглед и анализа на правната рамка на системот за заштита на жените од родово базирано и семејно насилство
3.2 Преглед и анализа на институционалната рамка на системот за заштита на жените од родово базирано и семејно насилство
4. Наоди и анализа на добиените податоци од прашалниците и фокус групите
5. Наоди и анализа на информации добиени преку барања за информации од јавен карактер
6. Заклучоци и препораки
7. Важни телефонски броеви за пријавување семејно и родово базирано насилство

# ВОВЕД

Во 2017 година РСМ ја ратификуваше Истанбулската конвенција, која има најдиректно влијание врз спречување на насилството врз жените и семејното насилство. Самата ратификација на Истанбулската конвенција беше основа за новиот Закон за спречување и заштита од насилство врз жени и семејно насилство, донесен во јануари 2021 година.

Насилството врз жените е структурна и глобална појава штоне признава општествени, економски или национални граници. Тоа претставува сериозно кршење на човековите права. Предрасудите, стереотипите, обичаите и традициите продолжуваат да ги фаворизираат мажите во многу сфери, на пример во приватната и во јавната сфера, во политичкиот живот, на работа, во образовниот систем, во пријавувањето злосторства во полиција или на суд. Сето ова дополнително им отежнува на жените да излезат во јавноста и да проговорат за своите искуства со насилството и го отежнува почитувањето на нивните права.[1]

Дискриминација врз жените во нашето општество е резултат на традицијата, како и на општествените стереотипи и предрасуди за положбата на жената во општеството.Нееднаквите односи на моќ меѓу мажите и жените се последица од дискриминацијата врз жените, а со тоа се ограничува целосниот напредок на жените.
Ромската популација во Република Северна Македонија сѐ уште е најранливото малцинство во земјата, заедница што се соочува со институционална дискриминација, социјални предрасуди и нееднаков пристап до услуги.

Ромките имаат специфична положба во општеството и се жртви на секојдневна интерсекциска дискриминација и поради тоа што се жени и поради тоа што се Ромки. Голем број Ромки ги немаат истите можности за донесување сопствена одлука за прашања поврзани со брачниот статус, образованието, кариерата, вработувањето и други прашања. Овие одлуки најчесто ги носат членови на нивното семејство или мажот. Малолетничките бракови и бремености токму поради ова се најчести кај Ромите. Ромите во

1 - Конвенција на Советот на Европаза спречување и борба против насилствотоврз жените и семејното насилство(Истанбулска конвенција):Прашања и одговори - https://rm.coe.int/istanbul-convention-questions-and-answers-macedonian/1680983cd7

нашето општество се со најмал процент на образование, најголем процент на сиромаштија и невработеност и со многудетни семејства.
Во вакви случаи жената Ромка е целосно зависна од мажот почнувајќи од економска зависност, но и зависност по однос на домувањето и одлучувањето.

Сите овие факти придонесуваат до зголемено семејно и родово базирано насилство врз жената Ромка, кое во најчести случаи се премолчува.

Причините поради кои се премолчува насилството се различни и како најчести се појавуваат чувството на страв од насилникот, срам, но и недостиг на информации, несвесност на самата жртва што ѝ се случува. Самата институционална дискриминација на Ромките во голема мера влијае врз премолчувањето на насилството поради недоверба во системот и во надлежните институции.

Поради овие веќе познати факти, Здружението Иницијатива за правата на жените од Шуто Оризари го спроведува истражување за пристапот и функционалноста на системот за заштита на жените Ромки, жртви на родово базирано насилство и семејно насилство на територијата на Скопје.

Целта на истражувањето е да се оцени пристапот и функционалноста на системот за заштита на жените Ромки, жртви на родово базирано насилство и семејно насилство, во согласност со Законот за спречување и заштита од насилство врз жени и семејно насилство. Со ова истражување целта е да се оцени постапувањето на институциите за заштита на жените Ромки од родово базирано и семејно насилство и кои мерки ги преземаат при постапувањето, исто така целта е и да се зголеми свесноста на институциите и на државата за спречување и постапување за жените Ромки жртви на семејно и родово базирано насилство. Целта на ова истражување е да се зголеми информираноста за начините и мотивирање на Ромките за пријавување на сите облици на насилство.

# МЕТОДОЛОГИЈА

Истражувањето методолошки се заснова на деск-анализа, кратка правна и институционална анализа и анализа на податоци собрани преку прашалници со жени Ромки, фокус групи со жени Ромки и информации прибавени со барања за информации од јавен карактер од релевантни институции. Беше планирано да се одржат структурирани состаноци со релевантни институции.

Деск-анализата на извештајот се заснова на секундарни извори на податоци. Таа опфаќа прибирање, преглед и анализа на достапните извештаи, анализи, документи и податоци поврзани со спроведувањена политиките и функционалноста на системот на заштита на жените од родово базирано и семејно насилство. Преку барања за пристап до информации од јавен карактер, беа добиени информации за бројот на пријави за сторено родово базирано и семејно насилство, бројот на регистрирани жртви, бројот на кривични дела поврзани со семејно насилство, бројот на тимови штоработат на родово базирано и семејно насилство, како и бројот на жртви згрижени во периодот јануари-октомври 2021 година, бројот на советувани жртви, бројот на кризни центри, како и бројот на згрижени жртви поделени според националност, пол и возраст. Барања за пристап до информации од јавен карактер беа доставени до Меѓуопштинскиот центар за социјална работа на Град Скопје и до Министерството за внатрешни работи.

Истражувањето опфаќа и краток преглед и анализа на правната и институционалната рамка. Прегледот и анализата се засноваат на примарни и секундарни податоци и вклучува анализа и преглед на законите, подзаконските акти и политиките поврзани со воспоставувањето и функционалноста на системот за заштита на жените од родово базирано и семејно насилство.

Анализата на примарни податоци опфаќа анализа на податоците штосе собрани преку барања за информации од јавен карактерод засегнати страни, прашалници со жени Ромки и спроведени фокус групи. Во текот на истражувањето,неуспешен беше обидот да се реализираат предвидените интервјуа со засегнатите страни, бидејќи до денот на завршување на истражувањето, не е добиен одговор за средба од страна на институциите.

Квалитативните податоци за анализа на пристапот и функционалноста на системот за заштита на жени жртви на родово базирано и семејно насилство,споредметодологијата се собраа преку прашалници со жени Ромки кои имаат постојано живеалиште на територијата на град Скопје и се опфатени жени жртви со постојано место на живеење во општините: Шуто Оризари, Ѓорче Петров, Гази Баба, Центар и Чаир, односно оние општини каде што живее побројно ромско население. За потребите на истражувањето се реализираа 200 прашалници со жени Ромки и се спроведоа 12 фокус групи, со кои беа опфатени 50 жени. Фокус групите беа реализирани со 4 до 5 учесници, со оглед на сензитивноста на темата што е предмет на истражување.

## 3. Преглед и анализа на правната и институционалната рамка во контекст на системот за заштита на жените од родово базирано и семејно насилство

### 3.1 Преглед и анализа на правната рамка на системот за заштита на жените од родово базирано и семејно насилство

- Конвенцијата на Советот на Европа за превенција и борба против насилството врз жената и семејното насилство – Истанбулска конвенција.[2]

Конвенцијата на Советот на Европа за превенција и борба против насилството врз жената и семејното насилство позната како Истанбулска конвенција, претставува најзначајниот меѓународен документ за борбата со семејното насилство. Како меѓународен документ, Конвенцијата дава исклучителен и забележлив придонес на меѓународен план во борбата со насилството врз жените и домашното насилство.

Истанбулската конвенција е општо прифатена како најдалекусежен правен инструмент во спречувањето и борбата против насилството врз жените и семејното насилство, како една од формите на кршење на човековите права. Истанбулската конвенција, од владите што ја ратификувале, бара да донесат сеопфатна серија мерки за решавање на сите форми на насилство врз жените и семејното насилство. Целта на секоја одредба на Конвенцијата е да спречи да настане насилството, да им се помогне на жртвите и да се осигури сторителите да бидат изведени пред лицето на правдата.

Конвенцијата јасно наведува дека насилството врз жените и семејното насилство повеќе не може да се смета за приватна работа, туку дека државите имаат обврска, преку сеопфатни и интегрирани политики, да го спречат насилство, да ги заштитат жртвите и да ги казнат сторителите.

Во 2017 година Република Северна Македонија ја ратификуваше Истанбулската конвенција и самото тоа произведе обврски за државата да воспостави правен и институционален систем, кој ќе обезбеди превенција, заштита на жртвите на родово базирано насилство и прогон на сторителите.

-Закон за социјална заштита[3]

Според Законот за социјална заштита, дејноста на социјалната заштита се обезбедува преку остварување права на парична помош од социјална

2 - Конвенција на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство -https://rm.coe.int/168046253a

3 - Закон за социјална заштита, Министерство за труд и социјална политика, 2019, https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/zakoni/2019/28.5_zakon_SZ.pdf

заштита и обезбедување социјални услуги и други мерки утврдени со овој закон, на еднаква основа без дискриминација.
Со оглед на комплексноста на родово базираното насилство и семејното насилство, повеќекратните последици врз жртвите, нивните деца, семејствата и општеството, Законот треба да осигури дека жртвите на РБН и СН добиваат социјална заштита во однос на нивниот економски статус, институционална и вонинституционална поддршка и спречување од сиромаштија и понатамошно влошување во сиромаштија.

Законот за социјална заштита во член 62 го одредува износот на еднократната парична помош за жртвите на семејно насилство. Утврдено е дека на жртвите им следува до 15.000 денари за итна заштита и засолнување и до 12.000 денари за здравствена заштита и медицинско лекување. Потребно е да се направи анализа за ефективната корист од износот на средствата, односно дали овој износ е доволен во согласност со потребите на жртвите.

Законот за социјална заштита исто така го утврдува правото на здравствена заштита на жртвите на семејно насилство, со кое се преземаатмерки на заштита во согласност со прописите од областа за превенција, спречување и заштита од семејно насилство.

Жртвите на семејно насилство и родово базирано насилство, според системот на социјална заштита и споредпотребите, имаат право и можност на користење повеќе социјални услуги.

Услугите на советување опфаќаат советодавна работа, односно советувалишна работа, со цел превенирање, ублажување и надминување на последиците од настанатите социјални проблеми на поединец и семејство, а меѓудругото и психосоцијална поддршка за жртви на семејно насилство и психосоцијален третман на сторители на семејно насилство. Потребно е стручниот работник во Центарот за социјална работа целосно да ја утврди потребата и обемот на услугата на советување за секоја жртва одделно. Практикатапокажува дека многу често Центрите за социјална работа немаат посебни простории за советувалиште или и доколку ги имаат, не ги користат.[4]

Законот за социјална заштита уредува дека услугата за привремен престој обезбедува заштита и стручна помош на лица што се наоѓаат во кризна состојба заради надминување на состојбата и нивна социјална интеграција. Ваквото дефинирање на услугата привремен престој е многу

4 - Социјалните услуги во општините во Северна Македонија: капацитет, ризици, потреби, FinanceThink, 2020, https://www.financethink.mk/wp-content/uploads/2020/10/Studija-za-politikite-31-1.pdf

значајно затоа што ја опфаќа и социјалната интеграција, како цел што треба да ја исполни привремениот престој, а на што може да се работи за времетраењето и користењето на оваа услуга. Законот како корисници на услугата ги предвидува ижртвите на семејно насилство и родово базирано насилство. Услугата се обезбедува во времетраење до три месеци, со можност за продолжување уште за три месеци, а во исклучителни случаи кога состојбата не е надмината, до една година. Сепак, законот треба да обезбеди метод на работа или мерки заради обезбедување на домување по завршување на траењето на привремениот престој, што е дел од самата социјална интеграција што ја опфаќа оваа услуга,затоа што инаку жртвата може да биде ставена во безизлезна ситуација да мора да се врати кај насилникот. Значајно е локацијата на овие центри да е тајна, со цел да може да биде обезбедена целосна заштита на жртвите, но најважно е самите жртви да се чувствуваат сигурно и безбедно. Исто така, бројот на овие центри за привремен престој треба да биде соодветен во однос на потребата од нив.

Услугата за интервентно згрижување е услуга на краткорочно згрижување во семејство на лица на кои им е неопходна итна заштита, до изнаоѓање соодветни облици на заштита, а најдолго до 30 дена. Законот како дел од корисниците на оваа услуга ги вклучува и жртвите на насилство.

Законот за социјална заштита утврдува дека институцијата за социјална заштита води евиденција на корисници, т.е. лица што оствариле право или услуга во согласност со законот, вклучително и за семејно насилство. Ваквата евиденција не е поделенаспоред националност, пол и возраст и тоа во иднина треба да биде заради подобра статистика и анализа.

Исто така, Законот за социјална заштита ги регулира мандатот, улогата и надлежностите на центрите за социјална работа.

-Закон за спречување и заштита од насилство врз жени и семејно насилство (2021)[5]
Новиот Закон за спречување и заштита од насилство врз жени и семејно насилство е донесен во јануари 2021 година и е дел од усогласувањето на националното законодавство со одредбите на Истанбулската конвенција. Целта на законот е превенција и спречување родовобазирано насилство врз жените и семејното насилство, ефективна заштита на жртвите од каков било облик на родовобазирано насилство врз жени како и на жртвите на семејно насилство со почитување на основните човекови слободи

5 - Закон за спречување и заштита од насилство врз жени и семејно насилство, 2021, Министерство за труд и социјална политика,Службен весник на РСМ, бр.24/20/01/2021

и права загарантирани со Уставот на Република Северна Македонија и меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот на Република Северна Македонија. Целта на законот се заснова на принципот на еднаквост и елиминирање на стереотипите за родовите улоги. Ваквите начела врз кои се заснова законот само ја нагласуваат нееднаквата улога на жената во општеството, базирана на стереотипи и традиции, и потребата од обезбедување еднаквост во сите сфери на живеење.

Новиот закон ги опфаќа жените жртви на сите форми на родово засновано насилство, вклучително и семејното насилство. Со законот се уредува постапувањето на институциите со должно внимание при преземањето мерки за превенција од родовобазирано насилство врз жените и семејното насилство, постапувањето на институциите за заштита на жените од родовобазирано насилство и семејното насилство, меѓусебната координација на институциите и организациите, услугите за заштита на жртвите и собирањето податоци за родовобазирано насилство врз жените и семејното насилство.

Значајна новина на законот е воведување на должното внимание како обврска на органите на државната власт, правните лица што вршат јавни овластувања утврдени со закон, функционерите, службениците и другите овластени лица што извршуваат работи во име на државата, да се воздржат од учество во дејство на насилство и да ги преземат сите мерки и активности за да спречат какво било дејство на родовобазирано насилство врз жените и семејното насилство, како и да ги преземат сите соодветни законодавни, управни, судски и други мерки за да превенираат, да ги заштитат жртвите, да истражат, да ги казнат сторителите на насилство. Воведувањето на постапувањето со должно внимание како обврска за институциите е многу значајно и ја зголемува обврската на институциите за соодветно постапување, со оглед на тоа дека можат да одговараат воспротивно.

Исто така, законот во самиот поимник ги дефинира сите видови насилство, а како видови насилство се препознаени: физичко насилство, психичко насилство, демнење, насилство од интимен партнер, економско насилство, сексуално насилство и силување, сексуално вознемирување и сексуално вознемирување преку интернет, женско генитално осакатување, присилен абортус и присилна стерилизација, присилна контрола врз жените, трговија со жени и присилен брак.
аконот дефинира реинтеграција на жени жртви на насилство за прв пат во системот на заштита од насилство врз жени и семејно насилство, каде што преку посебна Програма за реинтеграција на жртви на насилство, ќе се обезбедат следниве услуги: привремено домување, психолошко

советување со менторство, разни видови финансиска помош специјално наменета за жени жртви на насилство, можности за образование и обука од различни области, како и мерки за вработување утврдени со закон. Надлежните институции според законот се обврзани да ги препознаваат жените жртви на насилство како посебна ранлива категорија и да развиваат програми и мерки во согласност со специфичните потреби на жените жртви на насилство.

Законот се заснова и на принципот на недискриминација, забрана за виктимизација, ранливи жени, соодветно приспособување за жени со попреченост, родово одговорна политика и зајакнување на жените жртви на насилство. Многу е значајно постапувањето на надлежните институции со жртвите да биде на начин на кој ќе ги заштитат дополнително од виктимизација или ревиктимизација.

Законот исто така предвидува и мултисекторско постапување и постоење мултисекторски тим во случаи кога постои сознание за загрозување на животот и здравјето на жените жртви на родовобазирано насилство и жртвите на семејно насилство и членовите на семејството, при штомултисекторскиот стручен тим изготвува безбедносен план за помош.

Законот го уредува постапувањето на надлежните институции, активностите за превенција, како и итните и привремени мерки за заштита.

Заради отстранување непосредна и сериозна опасност по животот и физичкиот и психичкиот интегритет на жртвата и членови на нејзиното семејство, се изрекува итнамерка за заштита и тоа отстранување на сторителот од домот и забрана за приближување до домот на предлог на Министерството за внатрешни работи, без согласност на жртвата. Многу е значајно да истакнеме дека итната мерка за заштита се изрекува и кога постои опасност и по психичкиот интегритет на жртвата и на членовите на семејството, а не само опасност по животот и физичкиот интегритет.

Во парнична постапка, на предлог на надлежниот Центар за социјални работи, а заради запирање на насилството, отстранување на последиците од извршеното насилство и преземање ефикасни мерки кон сторителот на насилство, заради елиминирање на причините за повторно вршење на насилството, на сторителот народовобазирано насилство врз жени и жртвите на семејно насилство судот може да му ги изрече следниве привремени мерки за заштита:

1)забрана да се заканува дека ќе стори насилство;
2)забрана да малтретира, вознемирува, телефонира, контактира или на друг начин директно или индиректно да комуницира со жртвата;
3)забрана да се приближува на растојание помало од 100 метри до живеалиштето, училиштето, работното место или определено место што жртвата редовно го посетува;
4)отстранување од домот без оглед на сопственоста во траење од десет до 30 дена;
5)забрана да поседува огнено или друго оружје или тоа да му биде одземено;
6)задолжително да ги врати предметите што се потребни за задоволување на секојдневните потреби на жртвата и на семејството;
7)задолжително законско издржување на семејството;
8)задолжително да посетува советувалиште за сторители на насилство врз жени или семејно насилство;
9)задолжително лекување на сторителот доколку употребува алкохол, дрога и други психотропни супстанции или има психичко заболување;
10)сторителот задолжително да ги надомести медицинските и другите трошоци настанати од насилството и
11)која било друга мерка што судот ја смета за неопходна за да се обезбеди сигурност и добросостојба на жртвата и на другите членови на семејството.

Значајно е да се истакне дека Законот е усогласен со Истанбулската конвенција, но потребна е соодветна, целосна и ефикасна негова имплементација од страна на институциите, со цел заштита на жртвите и постапување во нивен најдобар интерес.

## 3.2 Преглед и анализа на институционалната рамка на системот за заштита на жените од родово базирано и семејно насилство

Државата се грижи за заштита на жените од родово базирано насилство и семејно насилство. Надлежни за спроведување на Законот за спречување насилство врз жени и семејно насилство се сите органи на државната управа, судовите, јавното обвинителство, единиците на локална самоуправа и правните лица што вршат јавни овластувања утврдени со закон. Законот предвидува институционална и мултисекторска соработка за преземање мерки за превенција, спречување и заштита од родовобазирано насилство врз жени и семејно насилство.

Централна институција што создава политики за превенција и заштита на жените од родово базирано насилство и жртвите на семејно насилство, подготвува и спроведува почетна и континуирана едукација, ја следи и ја анализира состојбата со родовобазирано насилството врз жените и семејното насилствое Министерството за труд и социјална политика. Министерството за внатрешни работи исто така креира политики за превенција и заштита на жените од родовобазирано насилство и жртвите на семејно насилство, презема дејства заради гонењена сторителите на родовобазирано насилство врз жените и семејното насилство и врши други надлежности во согласност со закон.

Собранието и Владата исто така во делокругот на своите надлежности преземаат активности за превенција и заштита од родовобазираното насилство врз жените и семејното насилство.

Законот исто така предвидува надлежности за неговото спроведување, како и за превенција од родово базирано насилство и семејно насилство и за Министерството за здравство, Министерството за правда, единиците на локална самоуправа, Министерството за образование и наука, Агенцијата за аудио иаудиовизуелни медиумски услуги, Академијата за судии и јавни обвинители, здруженијата, синдикатите, верските заедници, медиумите, како и правните лица со јавни овластувања.

Законот предвидува да се формира Национално координативно тело за имплементација на Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилство врз жените и семејно насилство. Националното координативно тело го координира работењето на институциите во делот на превенцијата и заштита од родовобазирано насилство врз жените и семејното насилство, го следи спроведувањето на Истанбулската конвенција и националните политики од областа на родово базираното

насилство врз жените и семејното насилство, ја следи и ја анализира состојбата со родовобазирано насилството врз жените и семејното насилство и врши други работи утврдени со закон.

Законот го утврдува постапувањето на центрите за социјална работа и на полициските службеници при преземање мерки за заштита на жртвите на родово базирано и семејно насилство.

## 4. Наоди и анализа на добиените податоци од прашалниците и фокус групите

За потребите на истражувањето беа спроведени 200 прашалници со жени Ромки од 5 општини и тоа: Шуто Оризари, Ѓорче Петров, Гази Баба, Центар и Чаир, односно оние општини каде што живее побројно ромско население. Исто така, беа спроведени 12 фокус групи со кои се опфатија 50 жени.

**I дел**
**Со прашалниците беа опфатени 200 жени Ромки на возраст од 17 години до над 56 години**




**Најголем број од испитаничките односно 77% се невработени, додека 23% од жените се вработени.**



Во однос на степенот на образование, најголем процент од жените се со основно образование, односно 41,5%.Загрижува фактот што дури 41% од жените се без формално образование, додека, пак, само 0,5% се со високо образование.




Ваквите податоци само ја потврдуваат положбата на Ромите во општеството, финансиските тешкотии со кои се соочуваат. Големиот степен на необразовани Ромки, невработеноста,финансиските тешкотии со кои се соочуваат, само придонесуваатза зголемување и продлабочување на нивната ранливост.
На прашањето колку приходи имаат во домаќинството, 46% од жените одговориле дека имаат под 12.000 денари, а 27% одговориле дека имаат од 12.000 до 15.000 денари. Само 5% од жените одговориле дека имаат над 30.000 денари приходи.



**90% од жените се или во брак или живеат во вонбрачна заедница, и тоа 53,5% од жените се во брак, додека 36,5%живеат во вонбрачна заедница. 4,5%, од жените се разведени.**




**Најголем број од жените имаат од 2 до 3 деца и над 3 деца, и тоа 55,5% од жените имаат 2-3 деца, додека, пак, 29% од жените имаат над 3 деца.**



80,5% од испитаничките живеат во заедница од 3-9 членови, а 11% живеат во домаќинства со повеќе од 9 членови. Доколку се земат предвид и податоците за приходите во домаќинството,тогаш само се потврдува ниската финансиска состојба со која се соочуваат. Само 8,5% од жените живеат во посебно домаќинство со партнерите, а не во заедница.




**II дел**

На прашањето дали сте биле/сте жртва на родово базирано или семејно насилство, 77,5% од жените одговориле дека биле или се жртва на родово базирано или семејно насилство.



Најзастапено е психичкото насилство, а потоа физичкото насилство. Исто така често е и економското насилство. 46% од испитаничките одговориле дека доживуваат психичко насилство, а 37% од жените физичко насилство. Економско насилство доживуваат 7% од анкетираните жени.Значајно е да се истакне дека со добиените одговори се опфатени сите видови насилство, што само укажува на големиот и различен степен на насилство што го трпат жените.




Во најголем број случаи насилството го претрпеле од брачен партнер и тоа 71%. Како сторители на насилство помалку се застапени вонбрачните партнери, членови на домаќинствата, партнер со кого не живее жртвата и поранешни партнери.



Процентот на жени што биле жртви на физичко насилство е речиси половина, односно 47% од жените биле удрени и тоа од сопругот 81%, свекрвата 14%, бившиот партнер 4% и деверот 1%. Доколку го спoредиме овој податок со процентот на жени штоизјавиле дека се или биле жртва на физичко насилство, односно 37% од жените, може да се заклучи дека жените не секогаш удирањето го препознаваат како физичко насилство.




22,5% од жените биле навредени за нивниот изглед и тоа од сопругот 80% и од свекрвата 20%.



Жените се економски зависни најчесто од својот сопруг, па оттука 76,5% од жените економски зависат од член на домаќинството, односно96% од сопругот, а 4% одсвекрвата. Малиот процент економски независни жени, односно 23,5% од жените,укажува на положбата на Ромките во општеството.

Сопствен џепарлак




Повеќе од половина од испитаничките биле вербално навредени и нападнатиод своите семејства, и тоа од свекрвата 48% и од сопругот 52%.

Вербално нападнати



**12% од жените биле принудени на сексуален однос без нивна согласност и тоа од сопругот и од бивши партнер.**




**32% од жените одговориле дека познаваат жена која е жртва или била жртва на насилство, и тоа физичко и психичко, а 68% одговориле дека не познаваат. Доколку ги споредиме податоците за тоа колку од анкетираните жени се или биле жртви на насилство и колку од жените познаваат некоја жена која била или е жртва, може да се заклучи дека за насилството што го доживуваат во ромската заедница, не се зборува.**



**8,5% од испитаничките одговориле дека за информации за заштита од родово базирано и семејно насилство се обратиле до некоја институција/организација, додека 91,5% не се обратиле.**




**Во однос на тоа каде се обратиле жртвите, 65% од нив одговориле дека се обратиле во полиција, 23% одговориле дека се обратиле во невладини организации, додека, пак, 12% од жените одговориле дека се обратиле во центрите за социјални работи.**



На прашањето дали пријавиле родово базирано или семејно насилство, 92,5% од анкетираните жени одговориле дека не пријавиле, додека 7,5% од жените одговориле дека пријавиле.




На прашањето доколку пријавиле, да наведат во која институција пријавиле, 93% од жените одговориле дека пријавиле во полиција, додека, пак, во невладини организации пријавиле 7% од жените.



На прашањето доколку не пријавиле, да ја наведат причината, 19% одговориле дека им било срам, 12% одговориле дека не веруваат дека институциите можат да им помогнат, 9,7% од жените одговориле дека немаат доверба во системот, 2% одговориле дека пријавиле претходно и не им било помогнато и 57,3% од анкетираните жени наведоа други причина за тоа зошто не пријавиле. Како најчести причини ги навеле следните: за една шлаканица семејство не се растура; маж ми е, не можам да го пријавам; немам каде да одам отпосле; не сакам децата да растат без татко и друго.




Од оној мал број жени што пријавиле, 40% од жените одговориле дека биле изречени итни и привремени мерки за заштита по нивното пријавување, додека34% од жените одговориле дека не биле изречени мерки за заштита по нивното пријавување, а 26% од жените одговориле дека не знаат дали се изречени мерки за заштита по нивното пријавување. Ваквиот процент на жени што не знаат дали биле или не биле изречени мерки на заштита, само укажува на тоа колку жените не се информирани за постапувањето на институциите.



Од итните и привремени мерки за заштита на жртвите, жените ги знаат следните мерки:

- Отстранување на сторителот од домот и забрана за приближување до домот;
- Забрана да се заканува дека ќе стори насилство;
- Забрана да малтретира, вознемирува, телефонира, контактира;
- Забрана да се приближува на растојание помало од 100 метри до живеалиштето.

Во однос на тоа во кои институции се обратиле, анкетираните жени одговориле дека се обратилево неколку и тоа: 12 жени односно 80% пријавиле во полиција, 1 жена односно 7% пријавиле во Центар за социјална работа и 2 жени односно 13% пријавиле во невладина организација.




Повеќе од половина од жените што пријавиле односно 60% одговориле дека биле информирани за правата од социјална заштита од страна на Центарот за социјални работи, додека 40% одговориле дека не биле информирани. Ваквиот податок само укажува на потребата од еднакво постапување на Центарот кај сите случаи.



Социјалната услуга за домување и сместување, Центарот за социјални работи им овозможил да ја искористат 40% од жените, а 60% од жените не добиле таква услуга. Жените што биле сместени, не биле задоволни од услугата поради тоа што времетраењето било многу кратко и потоа повторно се враќале дома.

- „Воопшто не сум задоволна од времетраењето, многу краток период.“
- „Повторно се враќаме дома.“
- „Воопшто не сум задоволна од просторијата.“




Центарот за социјални работи обезбедил медицинска помош по потреба на 1 жена, додека пак 14 жени односно93% одговориле дека не им била понудена медицинска помош.
Задоволство и времетраење на услугата за обезбедување медицинска помош:

- „Ми вршеа прегледи кога не ми беше добро. Ми ја обезбедуваа терапијата секој месец.“



Центарот за социјални работи обезбедил психосоцијална помош во советувалиште на 27% од жените, додека 73% од жените не ја добиле оваа услуга.Психосоцијалното советување треба да се применува кај секоја жртва соодветно на нејзината потреба, а фактот дека само 27% ја добиле, укажува на нееднаков пристап до услуги за сите жени.

- „Разговарав со психијатар, ми помогна и задоволна сум.“
- „Ми беше понудено и доволно време траеше сесијата.“




Центарот за социјални работи само 20% од жените ги упатил до соодветни државни и други органи надлежни за економско јакнење на жртвата и нејзино активно вклучување на пазарот на трудот.

- „Ме препратија до Агенцијата за вработување за да се вклучам во некои мерки за вработување, но ништо од тоа.“



На прашањето дали беа задоволни од постапувањето по однос на нивната пријава, жените одговориле дека биле задоволни од:

- Физичка пристапност (дали институцијата е во вашето место на живеење и лесно можете да пристапите, дали објектот е пристапен за лица со физичка попреченост) – 33% од жените
- Вработените се однесуваат професионално и недискриминаторски –27% од жените
- Добиените информациисе јасни и разбирливи (јазик, начин на информирање) – 40% од жените.

Жените немале никаков одговор во однос на следните прашања:

- Финансиска пристапност(дали требаше да платите, дали ви требаа пари за да стигнете физички до услугата)
- Времетраење(дали вработените во институцијата посветија доволно време со цел заштита од насилството)
- Квалитет на постапувањето
- Доволно кадар
- Доволно простор(недискриминациски простор)
- Мерките што беа преземени беа доволни и соодветни
- Постапувањето на институциите беше со должно внимание(навремено и соодветно, со цел заштита и спречување на насилството)
- Услугите беа доволни и соодветни
- Друго

Како најголем проблем жените го издвоија тоа штопо пријавата насилникот се враќа дома веднаш, по изминување 24 часа. Исто така, жените не се задоволни од краткиот престој во шелтер центарот како и недоволниот простор во самиот центар.



Предлози на испитаничките за подобрување на системот за заштита од родово базирано насилство и семејно насилство:

- „Кога жртвата ќе пријави, институциите итно да постапат и да не бараат лекарски преглед, бидејќи има жртви што пријавуваат после неколку дена, па немаат видливи траги.“

Жените сметаат дека како можни активности за намалување и отстранување на родово базираното или семејното насилство се:

- „Да се едуцираат мажите.“
- „Итно да се постапува по секое пријавување.“
- „Да се пријави насилството, да не се трпи.“
- „Да се зголеми периодот во шелтер центарот.“
- „Да се расчистат проблемите додека се нема деца.“

### Преглед и анализа на податоците добиени од фокус групи

Со одржаните 12 фокус групи беа опфатени 50 Ромки што живеат во општините: Шуто Оризари, Центар, Чаир, Ѓорче Петров и Гази Баба. Од нив 70% се невработени, 18% се вработени, неформално вработени се 10% од жените, додека, пак, 2% се пензионерки.

Во врска со степенот на образование, без формално образование се дури 66% од жените, со основно образование се 26% од учесничките, додека 8% од нив се со средно образование.

Во однос на приходите во домаќинството, 56% од жените имаат под 12 000 денари, 4% од жените имаат до 15 000 денари, 14% од жените имаат до 20 000 денари, 10% од нив имаат до 30 000 денари, додека 16% од жените имаат над 30 000 денари.

Кога станува збор за брачната состојба, 56% се во брак, 34% живеат во вонбрачна заедница, 6% се разведени, додека, пак, 4% од жените се вдовици.

На прашањето дали се жртви на родово базирано или семејно насилство, 96% од жените одговориле дека се жртви, додека 4% одговориле дека не се. Како најчест облик на насилство што го доживуваат, жените одговориле дека доживуваат физичко, психичко и економско насилство, односно 36% од жените одговориле дека доживуваат физичко насилство, 44% од нив доживуваат психичко насилство, а економско насилство доживуваат 10% од нив. Дополнително, како видови насилство што некои од жените ги доживуваат, ги посочиле: демнење, насилство од интимен партнер, присилна контрола врз жените.

Во однос на прашањето од кого било сторено насилството, 76% од нив одговориле дека насилството го доживуваат од брачниот партнер, додека 14% од учесничките одговориле дека насилството го доживуваат од некој член на домаќинството, најчесто свекор или свекрва. Исто така, помал број од жените одговориле дека насилството било сторено и од вонбрачните партнери и од поранешните партнери.

56% од анкетираните жени кажале дека некој од семејството ги удрил, додека 26% од нив кажале дека некој од семејството ги има навредено за нивниот изглед. Во врска со економската зависност и сопствениот џепарлак, дури 76% од нив одговориле дека се зависни од своите мажи или од друг член на семејството.

На прашањето дали биле вербално нападнати некогаш од семејството, 36% од нив одговориле дека биле, додека 16% кажале дека доживеале принуден сексуален однос.

Поголем дел од учесничките на фокус групите се изјасниле дека познаваат некоја жена што е жртва на родово базирано или семејно насилство.

Само 20% од учесничките на фокус групите изјавија дека за информации и/или заштита од родово базирано и семејно насилство се обратиле до некоја институција или организација. Шест жени се обратиле во полиција, додека 4 жени се обратиле во некоја невладина организација. 10 жени, односно 20% од учесничките кажаа дека пријавиле семејно насилство и родово базирано насилство и тоа во полиција. Останатите жени што доживуваат насилство, а не пријавиле, како причини ги изјаснија следните: им било срам, немаат доверба во системот, пријавиле претходно и не им било помогнато и други.

На прашањето дали Центарот за социјални работи ги информирал во однос на остварување на правата од социјална заштита, 20% од нив одговориле дека биле известени. Тие исто така изјавиле дека Центарот им понудил услуги во однос на домување и сместување, им обезбедил медицинска помош и соодветна психосоцијална интервенција и третман во советувалиште. Сите 10 жени што пријавиле семејно насилство одговориле дека Центарот за социјални работи не ги упатил до соодветните државни и други органи надлежни за економско јакнење на жртвата и нејзино активно вклучување на пазарот на трудот.

Главно жените учеснички на фокус групите не се задоволни од постапувањето по однос на нивните пријави поради тоа што институциите не се во нивното место на живеење и немаат лесен пристап, имаат финансиска непристапност, но и информациите што ги добиваат не им се доволно јасни.

Не можев да го трпам, морав да го пријавам, да не го пријавев, ќе не убиеше и мене и децата.

„15 години го трпев насилството и конечно решив да пријавам“

Секој ден парите што јас макотрпно ги заработувам, тој ги дава на коцка, јас знам каде да се обратам, ама имам дете и многу ми е срам од луѓето

Една жена учесничка во фокус групите изјавила дека била жртва на психичко насилство од нејзиниот сопруг и го пријавила во полиција. По спроведена постапка, го однеле во психијатриска болница и таму лежел 6 месеци, а потоа побегнал. Институциите се откажале од пружањето соодветна помош. Повеќе не и извршува физичко насилство, меѓутоа и упатува погрдни зборови. Истакнува дека претходно кога злоупотребувал алкохол во поголеми количини, физички ја напаѓал повеќе. Жената е зависна од мажот и од децата. Сите потребни работи ѝ ги купувал сопругот.

Со маж ми сме долги години во брак. И лошо сум видела и добро. Имаше моменти кога ме навредуваше, ме тепаше, ми викаше да си одам од неговата куќа, дека имам друг зошто не можам и таа вечер да спијам со него. И јас ја претерував, секогаш се карав со него за сè. Знам дека многу пати заслужив да спијам со модрици и со насолзени очи. Заедна-две шлаканици не се растура семејство, па како ќе растат тие деца без татко.“

Една учесничка од фокус групите константно доживува насилство. Таа истакнала дека сопругот секој ден психички ја малтретира и секој ден парите што таа ги заработуваа, тој ги обложува во игри на среќа, а потоа си доаѓа дома. Кога губи пари, ја малтретира пред децата и ја навредува со погрдни зборови, а кога не се обложува, најчесто е тивок.

Имам три деца, но како да ги немам, секој си го живее својот живот. Невработена сум и немам завршено образование. И тие малку пари што тој ги заработуваше, јас немав пристап до нив, дојдов до степен кога морав да просам за корка леб. Со години маж ми зборуваше дека сум грда, дебела, дека имам други мажи. Често си заминував кај моите родители додека беа живи. Секое мое враќање назад, беше крваво! Сето ова беше премногу за мене и на крајот го пријавив и прво се обратив во една невладина организација. Заедно со нив се упативме во Центарот за социјални работи кои ми помогна да се сместам во шелтер центар. Во шелтер центарот бев три месеци, а потоа веќе не ми беше овозможен престојот таму и бев приморана да му се вратам на крвавиот живот...

„Треба да го пријавиш, не молчи. Не е тоа љубов, не се јаде. Многу ми е жал за тие жени што доживуваат насилство. Ова ние жените самите си го дозволуваме. Треба да сме похрабри.“

„Не знам што да кажам. Исто како што јас пријавив, нека пријават и тие.“

„Не дозволувај никој да те навреди, а во најмала рака да те удри.“

„Сега младите не трпат такви работи, а ние што сме постари покажувавме почит, се плашевме. Сега тие си работат и не трпат некој да ги угнетува. Немаат потреба да трпат и да се плашат.“

„Да бидат сите храбри како мене, како јас што пријавив, сите треба.“

„Сакаме да се отвораат центри како на Запад за да може секоја жена да има место, кров каде да оди кога ќе нема избор, бидејќи ние сме жени, немаме каде, нашите родители не ни оставаат куќи, имоти и ние, сакале или не, мора да седиме во нивните куќи (во куќите на нашите мажи), а кога државата ќе отвори такви центри за помош, секоја од нас ќе бега од тој кучешки живот, но дотогаш ќе мора да чекаме подобро утре само во нашите соништа. На ова треба сите да работиме, ова не се трпи, ама кога никој нема слух за нас, ќе молчиме, немаме избор.“

„Секоја жена да се заштити, да се најде механизам, сега во моментот не знам како, но среќна сум што, еве, постоите и вие (се мисли на организацијата што ја спроведува оваа анализа) и што започнавте една таква иницијатива. Тука сме да ве поддржиме и сите заедно да работиме за подобро утре на секоја жена, не само на жената Ромка.“

„Само со едукација, со разговори жена на жена, да ѝ се каже и да ѝ се пренесе ова денес што ние го разговараме на друга жена која не била тука, да знае дека имаме поддршка, како разговорот денес со вас. Колку-толку ми олесна на душата и како жена која е злоупотребувана, ќе бидам секогаш тука да се чуе нашиот глас, а со тоа еве ја давам и мојата препорака:
Жени, колку можете борете се со монструмот насилник, без разлика какво и да е тоа насилство. И ние заслужуваме почит од сите, а особено од тие дома, на кои им готвиме и переме, нашите мажи.“

„Оди пријави го, не го трпи.“

„Што да правам, ќе те земам, ќе испиеме кафе и ќе ти помине.“

„Треба да го криеш тоа, а не да пријавуваш.“

„Ако видиш такво нешто, пријави.“

„Мојата снаа е малтретирана и јас ви кажувам дека неа повеќе ја сакам од мојот брат. Тој е лош. Секогаш се обидувам да ја бранам од него. Секогаш се ставам на нејзино место. Како би ми било некој да им прави така на моите ќерки.“

„Тоа не се трпи, но кога имаш деца, нема каде да ги носиш. Не можеш да ги носиш кај татко ти. Кај него ќе седиш два-три дена и потоа ќе треба да се вратиш дома.“

„Слушај ме сега. Има многу жртви, но не сакаат да кажат. Јас велам мора да си ги сменат животите. Ако гледаат дека не можат да ги сменат мажите, ќе мора да ги пријават во полиција. Ако имам работа, тогаш нема да имам потреба од него. Не 9 деца, туку 109 да имам, би го оставила.“

„Мажот не може да ти прави такви проблеми. Ти го правиш овој пламен. Жената го дига мажот и го паѓа. Тој не е виновен за ништо. И да имаш проблеми со мажот, ќе седнеш да зборуваш со него и ќе средите.“

„Треба да го стегнеш мажот навреме, како ти со него, така и тој со тебе. Ти треба да го вртиш на малиот прст.“

„Да бидат сите храбри како мене, како јас што пријавив, сите треба.“

Една од нив на крајот кажа дека долги години трпела насилство од мажот. Низ цела фокус група кажуваше дека не трпи никакво насилство, но на крајот одговори дека и таа била тепана и малтретирана.

„Се сеќавам кога бевме млади, ме соблече цела и ме шеташе низ маало зашто мислеше дека го изневерувам.“

„Да го оставиш. Кога немаат добар живот, нека се остават. Децата ќе пораснат, ќе си одат, а ти ќе си го загорчиш животот.“

„Подобро на време да го оставиш, пред да имаш деца, после е потешко.“

„Ако мажот не ти ги стегне шрафовите на време, ти после ќе полудиш.“

## 5. Преглед и анализа на податоците добиени од барања за информации од јавен карактер

Центарот за социјални работи на Град Скопје во периодот од јануари до октомври 2021година имарегистрирано вкупно 367 пријави за сторено родово базирано и семејно насилство на територијата на град Скопје, додека во истиот период регистрирани жртви на родово базирано и семејно насилство поделени по општини се:

- Центар - 87
- Гази Баба - 66
- Ѓорче Петров - 32
- Чаир - 14
- Шуто Оризари - 28

Во овој периодсе изречени вкупно 225 мерки и заштита на жртви на родово базирано и семејно насилство на територијата на град Скопје.На територијата на град Скопје, ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Скопје има еден шелтер центар, кој брои 5 индивидуални простории со по 5 легла, една заедничка просторија – голема дневна соба со трпезариски дел, кујна опремена со сите кујнски апарати и две бањи. Шелтерот е опремен со сите неопходни елементи, апарати и покуќнина неопходна за секојдневно функционирање на жртвите, а еприспособен и за лица со инвалидитет. Во извештајниот период се згрижени вкупно 25 лица на територијата на град Скопје и тоа:

- Жени - 13
- Деца - 5 машки и 7 женски

На територијата на град Скопје, ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Скопје има едно советувалиште. Сите жртви на родово базирано и семејно насилство без исклучок се корисници на услугите на советувањеспоред наводите на Центарот за социјални работи, што е спротивно со изјавите на самите жртви. Кризен центар во состав ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Скопје нема.

Податоците со кои располага Центарот за социјални работи не се поделени по националност и возраст.

Министерството за внатрешни работи располага со следниве податоци поделени во три табели и тоа:

- Жртви на кривични дела во врска со семејно насилство за периодот од 1.1.2021 до 1.10.2021 година
- Извршени кривични дела и сторители на кривични дела во врска со семејно насилство за периодот од 1.1.2021 до 1.10.2021 година
- Регистрирани прекршоци и поплаки во врска со семејно насилство за периодот од 1.1.2021 до 1.10.2021 година.

Податоците не се поделени по националност и возраст.

РЕГИСТРИРАНИ ПРЕКРШОЦИ И ПОПЛАКИ ВО ВРСКА СО СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО
ЗА ЈАНУАРИ -ОКТОМВРИ 2021 година за СВР - СКОПЈЕ

| ПРЕКРШОЦИ | Регистрирани прекршоци | СТОРИТЕЛИ | | | | | ЖРТВИ | | | | | | | | | Начин на извршување | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | ПОЛ | | Под дејство на | | | ПОЛ | | РОДНИНСКА ВРСКА | | | | | | | Со огнено оружје | Со ладно оружје | Со физичка сила | Останато |
| | | машки | женски | Алкохол | дрога | растројство | машки | женски | сопруга | сопруг | дете | родител | пор.б рач. другар | лице во вонб ра. | останато | | | | |
| Малтретирање на друг во стан-чл.7 | 75 | 63 | 14 | 9 | | | 21 | 59 | 25 | 4 | 2 | 17 | 1 | 2 | 29 | | | 73 | 2 |
| Физички напад-чл.12 | 83 | 80 | 7 | 3 | | | 44 | 42 | 5 | 3 | 4 | 14 | 2 | | 60 | | | 76 | 2 |
| Учество во тепачка-чл.11 | 21 | 20 | 11 | 1 | | | 22 | 9 | 2 | 2 | | 6 | 1 | | 20 | | | 22 | |
| Карање и викање на јавно место чл.4 | 28 | 19 | 8 | 2 | | | 10 | 20 | 5 | | | 8 | 1 | | 16 | | | 11 | 17 |
| Оддавање на пијанство на јавно место чл.6 | 4 | 4 | 1 | 2 | | | 2 | 2 | | | 2 | 1 | | | 1 | | | 2 | 2 |
| Останати прекршоци | 3 | 3 | | | | | 1 | 2 | 1 | | 1 | | | | 1 | | | 2 | 1 |
| ВКУПНО | 214 | 189 | 41 | 17 | | | 100 | 134 | 38 | 9 | 9 | 46 | 4 | 2 | 127 | | | 186 | 24 |

| ПОПЛАКИ | ЗА ШТО Е ПОДНЕСЕНА ПОПЛАКАТА | | | СТОРИТЕЛИ | | | | | ЖРТВИ | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | ПОЛ | | Под дејство на | | | ПОЛ | | РОДНИНСКА ВРСКА | | | | | | |
| | Физичко малтретирање | Психичко малтретирање | Економско малтретирање | машки | женски | Алкохол | дрога | растројство | машки | женски | сопруга | сопруг | дете | родител | пор.б рач. другар | лице во вонб ра. заедн | останато |
| 467 | 186 | 274 | 7 | 383 | 89 | 25 | | 3 | 112 | 364 | 186 | 30 | 28 | 87 | 60 | 11 | 74 |

Заклучно од добиените податоци, бројот на поплаки е поголем од бројот на регистрирани прекршоци и кривични дела во врска со семејно насилство, но ако сите три категории ги собереме, добиваме бројка од 924 жртви на семејно насилство, од кои жени жртви се 737. Неспорно и според податоците на МВР, бројот на жени жртви на семејно насилство е петпати поголем од бројот на мажи жртви.

Во извештајниот период се регистрирани еден обид за убиство и едно убиство. Како сторител на убиството се јавува синот, а како жртва мајката на синот, додека кај обидот како сторител е сопругот,а како жртва неговата сопруга.

Најголем број кривични дела поврзани со семејно насилство се однесуваат за кривичното дело телесна повреда и тоа во најголем број случаи е извршено со физичка сила. Сепак, се забележува извршување на ова дело со огнено оружје трипати. Во најголем број случаи сопругот е оној што го извршува делото, а жртвата е сопругата.

Второ најзастапено кривично дело е „загрозување на сигурноста", каде што повторно во најголем број случаи мажите се сторители, а жените се жртви на кривичното дело.

Во однос на прекршоците, најголем е бројот на регистрирани прекршоци за физички напад,а потоа за малтретирањена друг во стан. Во врска со прекршокот за физички напад за единаесет пати е поголем бројот на мажи сторители, но бројот на жртви споредбено мажи и жени е речиси еднаков. Кај малтретирање на друг во стан за 4,5 пати е поголем бројот на мажи сторители, но тука и бројот на жени жртви повторно е поголем.

Најмногу поплаки се регистрирани за психичко малтретирање, потоа за физичко и мал број за економско малтретирање. Трендот на мажи сторители и жени жртви и кај поплаките не е поразличен.

# ЗАКЛУЧОК

Истражувањето потврдува дека Ромките и натаму наидуваат на голем број пречки при остварување на правото на заштита од семејно насилство и родово базирано насилство. Сиромаштијата, невработеноста и нискиот степен на образование се проблеми што не смеат да се занемарат и кои негативно влијаат врз пристапот до услуги за заштита од семејно насилство и родово базирано насилство. Дополнително негативно влијае и потчинетоста на Ромките во општеството, патријархалните домаќинства во кои живеат и традиционалните мислења и ставови во однос на тоа дека насилството е нормално и не треба да се пријавува.

Недовербата на жртвите кон институциите и системот за заштита на жртвите на семејно и родово базирано насилство е на многу ниско ниво, особено за Ромките кои се соочуваат со дискриминација и бариери при пристапот до остварување на нивните права.

Потчинетоста и економската зависност на Ромките придонесува до зголемен процент на семејно насилство и молчење за него.

Дополнително, пандемијата предизвикана од КОВИД-19 го загрози животот на жената жртва поради тоа што таа е принудена да остане во домот заедно со насилникот, без можност да се обрати до институциите доколку во моментот доживува насилство. Податоците добиени од Меѓуопштинскиот центар за социјална работа на град Скопје покажуваат дека од 1.1.2021 до 30.10.2021 година има вкупно 367 пријави за сторено родово базирано и семејно насилство на територијата на град Скопје, а податоците на МВР имаат вкупно 924 регистрирани поплаки, прекршоци и кривични дела поврзани со семејно насилство.

Немањето вработени Ромки во тимот за постапување по предмети за спречување и заштита од насилство врз жени и семејно насилство, при ЈУМЦСР Скопје е значителна пречка при остварување и заштита на правата на Ромките и дополнително што нема тим за постапување во случаи на семејно насилство во сите подрачни центри за социјални работи, а сѐ со цел зголемена пристапност до жртвите.

Загрижува и фактот дека на територијата на Скопје има само еден шелтер центар, кој располага со само 5 индивидуални простории со по 5 легла.

Немањето програми за ресоцијализација за вклучување на жените жртви по престојот во шелтер центарот е голем проблем, бидејќи ги враќа жртвите кај насилниците и е причина за фемициди и за повторно насилство од страна на партнерите.

Меѓу анкетираните жени и жени учеснички на фокус групите, бележиме случаи на жени жртви што доживуваат константно насилство и кои воопшто не знаат дека тоа што се тепани од страна на нивните партнери е насилство.

Загрижува фактот што од 200 жени само 15 од нив пријавиле насилство, а дополнително што како причини ги наведуваат: недовербата кон институциите, јазичната бариера како и немањето доверливи лица – припадници од ромската заедница.

Во врска со задоволството од добиените услуги од надлежните институции, поголем број од нив не се задоволни и информациите што ги добиваат не се доволно јасни за нив.

Исто така, од добиените податоци може да се заклучи дека институциите немаат воедначен начин на постапување при различни случаи. Од Центарот за социјални работи укажаа дека советување добива секоја жртва, а одговорите на испитаничките не соодветствуваат со тоа. Исто така, дополнително не сите жртви се информирани за начинот на постапување, за текот на постапката, како и за правата од социјална заштита.

Од добиените информации од истражувањето,општ заклучок е дека жените Ромки во многу мал процент го пријавуваат насилството што го доживуваат поради голема недоверба во системот. Тие се соочуваат со значителен процент на семејно насилство и родово базирано насилство,но остануваат без соодветна заштита од институциите дури и кога ќе пријават.

# ПРЕПОРАКИ

- Вработување Ромки во тимот за постапување за спречување и заштита од насилство врз жени и семејно насилство.
- Распределување на тимовите за постапување за спречување и заштита од насилство врз жени и семејно насилство во подрачните центри за социјална работа.
- Воедначено постапување во случаи за спречување и заштита од насилство врз жени и семејно насилство.
- Соодветно приспособување на работата и информирањето од институциите.
- Едукација на Ромките за видовите насилства и системот за спречување и заштита од насилство врз жени и семејно насилство.
- Мотивација на Ромките да го пријавуваат насилството со кое се соочуваат.
- Зголемување на довербата на Ромките во системот и во институциите.

- Изготвување програми за реинтеграција на жртвите по периодот од згрижување вошелтер центрите.
- Изготвување посебни програми за работа со насилниците и нивно вклучување во процесите на надминување.
- Медиумски кампањи за зголемена свест за жртвите од семејно и родово базирано насилство како и помош од институциите за надминување.
- Вработување Ромки во шелтер центрите за надминување на јазичната бариераи стекнување сигурност.
- Зголемување на капацитетите на шелтер центарот и отворање нови центри за згрижување жртви на семејно и родово базирано насилство.
- Овозможување СОС-линија на ромски јазик за Ромките жртви на семејно и родово базирано насилство.
- Отворање кризен центар на Центарот за социјална работа за жртвите на семејно и родово базирано насилство.

## Важни телефонски броеви за пријавување семејно и родово базирано насилство:

**ПОЛИЦИЈА:** 192
**СОС ЛИНИЈА:** 070/075/077 141 700
**ПРВ СЕМЕЕН ЦЕНТАР, ХЕРА:** 02 3200 007, 070 249 596
**МРЕЖА ЗА ЗАШТИТА ОД СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО:** 02/6090 066
**ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНИ РАБОТИ - КРИЗЕН ШТАБ:** 078 230 943, 076 381 762

ЗДРУЖЕНИЕ ИНИЦИЈАТИВА
ЗА ПРАВАТА НА ЖЕНИТЕ
ОД ШУТО ОРИЗАРИ

inicijativanazeni.sutoorizari@gmail.com
02/2651-955